РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1875/1
04-05-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2058/1 од 30.07.2025 година, против лицето ----, државен просветен инспектор, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се доставаат до Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат на Република Северна Македонија.

Предметот со бр. 12-2058/1 од 30.07.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 30.07.2025 година, поднесена е пријава против лицето ----, државен просветен инспектор и оформен е предмет бр. 12-2058/1 од 30.07.2025 година.

Во пријавата подносителот изнесува наводи за непостапување и неутврдување на фактичката состојба од страна на овластени службни лица од Државниот просветен инспекторат (понатаму: ДПИ), и бара утврдување на нивна дисциплинска и евентуална кривична одговорност. Подносителот цени дека двајца вработени во ----- Скопје, ---- и ---- биле незаконски избрани во наставно - научни звања. Во врска со изборот на лицето ---- во наставно – научно звање, подносителот претходно поднел претставка до ДКСК, којашто предметот го препратила на надлежност на ДПИ, а кој последователно го доделил на инспекторката ----. Инспекторката составила записник без да ја констатира фактичката состојба, по што ДКСК предметот го препратила до Инспекцискиот Совет на РСМ, кадешто, согласно наводите од подносителот, дисциплинската постапка против инспекторката сеуште не била финализирана. Подносителот дополнил дека наместо објективна и ефикасна институционална реакција, ДПИ решила да ангажира други инспектори, а предметот го доделила на инспекторка ----, која исто така имала претходно удел во предметот. Истата имала претходна историја на дисциплински постапки и постапувала по наредби на споменатата инспекторка ----. Истата, во новиот надзор свесно и тенденциозно констатирала дека изборот на ---- и ---- на ---- во Скопје бил во согласност со законските и подзаконските прописи.

Од горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека не е надлежна да го оценува работењето на државните просветни инспектори, односно основаноста/законитоста на актите што ги изработуваат истите. Од тие причини предметот ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за образование и наука и Држаниот просветен инспекторат на Република Северна Македонија, со цел преиспитување на работењето на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

наведениот просветен инспектор, а заради утврдување на евентуални пропусти во работењето на инспекторката ----.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК